**РОМСКИ КУЛТУРЕН И ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР**
**„ТЕРНИПЕ МК“ ДЕЛЧЕВО**

# С Т А Т У Т

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (Сл. весник на РМ бр.52/2010 од 16.04.2010 година) Собранието на основачи на Здружението Ромски културен и едукативен центар „Тернипе МК„ Делчево на еедницата оджана на ден 29.03.2011 донесе прочистен текст на:

# С Т А Т У Т

На Здружение Ромски културен и едукативен центар „Тернипе МК „ Делчево во понатамошниот текст (РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој статут се уредуваат:

1. Името, седиштето, обележјата(симболите) на здружението.
2. Цели и задачи на здружението.
3. Облици и начини на дејствување на здружението.
4. Финансирање, управување и располагање со имотот и **средствата** на здружението.
5. Органи на здружението, нивниот избор, мандат, реизбор, надлежности, меѓусебни односи и одлучување.
6. Услови за членување и исклучување од здружението
7. Преставување и застапување на здружението пред правниот промет од трети лица и обем на овластување.
8. Престанок на здружението

### Член 2

Здружението на : РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево е здружение формирано со слободно здружување на граганите, заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања , како и заради вршење на дејности и активности за подобрување и унапредување на образованието кај младите Роми, подобрување на социјалната заштита, заштита и промоција на Човекови права, заштита на правата на жената, заштита на детските права, развој на демократско и граѓанско општество, заштита на животната средина, усогласување на посебните и заедничките интереси во областа на културата
Активности га зголемување на свеста за мултиетничка и мултикултурна соработка на ниво на општина, регионално, национално ниво и пошироко.
Едукативна работа со возрасни, млади и деца;
Организирање на различни ативности за зачувување на културата, традицијата, уметноста, фолклорот, и јазикот на секој етникум;

**Член 3**

Граѓаните се здружуваат во Здружението РКЕЦ „Тернипе МК „ Делчево заради остварување на поширок општествен интерес, преку што се задоволуваат потребите од: стручна, правна, социјална, образовна, техничка, култура и друга помош.

**Член 4**

Здружението на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево како здружение своитете цели, задачи и дејности ке ги остварува во согласност со односите уредени со Уставот на Р Македонија, со овој Статут како и со други законски норми кои регулираат материја од оваа област.

**Член 5**

Називот на здружението е : Ромски културен и едукативен центар „Тернипе МК„ Делчево во понатамошниот текст ( РКЕЦ „Тернипе МК „ Делчево )

**Член 6**

Седиштето на здружението РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево е на Ул „ Илиндепска бр 2 Здружението на граѓани РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево се организира и делува на подрачјето на општина Делчево

**Член 7**

Здружението РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево е правно лице.
Здружението на граѓани РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево има свој печат и штембил.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИНОТ НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

**Член 8**

Здружението РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево е основано заради остварување на поширок заеднички интерес и како посебни цели и задачи се:

- Едукативна работа со возрасни, млади и деца;
- Промоција и заштита на Човекови права, женски права, правата на детето во склоп на Универзалната декларација за Човекови права;
- Потикнување и унапредување на образованието кај младите Роми;

- Подигнување на социо - економската положба на Ромската популација;
- Развој и унапредување на демократско и граѓанско општество;
- Заштита и унапредување на културното и традициопално наследство на секој етникум (обичаи, култура, јазик, националнп обележја и.т.н.)
- Заштита и упапредување на животната средина;
- Проширување на организацијата со свои ограноци во други општини и обезбедување стручна помош за истите;
- Соработка со НВОи од земјата и надвор од неа, владини институіщи, локална самоуправа и др.
- Организирање на различни ативности за зачувување на културата, традицијата, уметноста, фолклорот и јазикот на секој етникум;
- Обука на членството за работа во НВО секторот, организирање и посета на семпнари, тренинзи, обуки од секаков вид;
- Организирање културни манифестации;

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 9

Член во здружението РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево може да биде секој граганин - државјанин на Р.Македонија и странски државјани, кој доброволно ќе пристапи со давање на писмена изјава.
Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во друженицето задолжително се врака.
РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево за своите членови има регистар на членство кој се
ажурира еднаш годишно.

### Член 10

Членот има право да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението и да придонесува во развојот и популарноста на Здружението.
Секој член доброволно може да истапи од Звружението.

### Член 11

Исклучгување од членство во здружението се остварува во следниве случаеви: Неодговорно и несоодветно одиесување кое е во спротивност со целите и задачите на здружението ;
Злоупотреба на печатот на здружението и репутацијата на истото;

Непопочитување на актите донесени од собранието и извршниот одбор на здружението ( правилник, деловник, кодекс...)
Престанок на членството во здружението настанува во следниве случаеви: По сопствена желба на членот;
Со одлука на извршниот одбор на здружението;

**Член 12**

Обврски на членови во здружението се:
- редовно да ја плакаат членарината
- да присуствуваат на состаноците
- да земаат конкретно учество во спроведувањето на Програмата на активности на зружението

## ПРЕСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 13**

РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево го претставува и застапува претседателот на здружението или од него назначен член .

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 14**

Работата на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево е јавна.
Јавност во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, другите Здруженија или пошироката јавност за работењето и активностите на здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување нзвештаи за работата на органите и телата на здружението, за материјално-финасиското работење и др.
За информираіьето на членовите и пошироката јавност се користи: покани, печат, радио, тв, брошури, флаери, публикации итн...

## ФИНАНСИРАЊЕ НА РКЕЦ „ТЕРНИПЕ МК" ДЕЛЧЕВО

**Член 15**

Здружението остварува средства од:
- Членарина;
- Донации;
- Буџет;
- Провизии од органи, органзации, заедници и од други услуги;
- Од трговски друштва:

- Други услуги (имотни права и сл )
- Општина
- Министерства по програми и проекти

**Член 16**

Користењето и располагање со средствата на здружепието добиени по основите од претходниот член н се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.

**Член 17**

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целесообразно користетье на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**Член 18**

РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево донесува годишен и финансиски план за приходите и расходите на здружението. Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекиуваат по член 15 од Статутот како и расходите за општествената активност, плати на вработените, заедничка потрошувачка на вработените , материјални трошоци за работа за здружението, и други расходи сврзани со работата.

**УПРАВУВАЊЕ СО РКЕЦ „ТЕРНИПЕ МК" ДЕЛЧЕВО**

**Член 19**

Со РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево управува организаирано членство на здружението непосредно или преку свои претставници во органите
Права и должности на претставникот се:

- Претставникот да избира и да биде биран во органите на здружението;
- претставникот да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;
- да работи на развивање и унапредување на општествените и други активности кои произлегуваат од статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги спроведува во целост одредбите од статутот и програмските активности
- да ги застапува интересите и ставовите на здружението;
- да бара стучна и друга помош од областа па правото,

економијата, правдата

## ОРГАНИ НА РКЕЦ „ТЕРНИПЕ МК“ ДЕЛЧЕВО

### Член 20

Органи на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево
се:

1. Собрание;
2. Извршен одбор;
3. Надзорна комисија;
4. Советодавен Борд;

### Член 21

Собранието на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево брои 9 лица, кои се избираат од редовите на сите граѓани - членови на Здружението
Мандатот на преставниците трае 4 годипи
Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

### Член 22

Седници на со собранието свикува претседателот на Собранието
Седници на собранието се свикува и по предлог па Извршниот одбор на здружението или 1/5 од вкупниот број членови на Собранието
Ако претседателот на Собрание во рок од 14 дена од дадениот предлог не свика седница , седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторот.
Седница на Собранието за работа Извршниот одбор може да се свика и по предлог на надзорната комисијата.
Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

### Член 23

Собранието на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево од редовите на своите претставпици избира Извршен одбор кој е извршен орган на Собранието , на редовно и вонредни собранија.

### Член 24

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеке од една половина од вкупниот број претставници
Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство

гласови од присутните претставници.
Во надлежност на Собранието е следното:

- го донесува Статутот на здружението и врши измени и доплонувања на истиот;
- избира и разрешува членови на Извршниот одбор и на други органи кои здружението смета дека треба да формира; усвојува програмска ориентација за работа на здружението за период од 4 години, операционализирано во годишните програми;
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу 2 собранија.
- донесува финасиски план и усвојува завршна сметка на здружението;
- расправа за постигнатите резултати од развојот на здружението и дава
  насоки за натамошен развој на здружението;
- донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на здружението
- решава за формирање па ограноци на здружението
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите ;

**Член 25**

Извршниот одбор на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот.

**Член 26**

Извршниот одбор на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево брои 5 члена. Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4 години.
Извршниот одбор од своите редови избира претседател со мандат од 4 години. Претседателот на Извршниот одбор истовремено е и претседател па Собранието на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево и тој го претставува и застапува Здружението.

**Член 27**

Во надлежност на Извршниот одбор е следново:

- ги спроведува стстутарните и програмски задачи на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- донесува и реализира годишна програма за работа;

- предлага измени и дополнувања на Статутот;
- донесува соодветни правилници, прифака спогодби и склучува договори;
- свикува седници на Собранието и припрема материјали;
- именува и ра зрешува секретар на Здружението;
- донесува одлу ки за формирање на постојни и повремени комисии и ја насочува нивната работа;
- организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства;
- дава согласност на Правилниіот за организацијата на работите и работните задачи на стручната служб а на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево ;
- донесува одлуки , приговори и жалби;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

### Член 28

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението. Извршниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.
Седницата на Извршниот одбор ја свикува Претседателот.
Предлог за свикување на Извршниот одбор може да поднесе една половина од Извршниот одбор, една третина од претставниците во Собранието по предлог на надзорниот одбор и секретарот на Здружението.
Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство член кој ке го избере извршниот одбор.
Начинот на свикување на седницата е работењето на Извршниот одбор се уредува со Деловник за работа.

### Член 29

Заради извршување на стстутарните и програмски задачи и одлуки на Собранието и Извршниот одбор ,извршниот одбор формира надзорна комисија и други работни тела. Надзорната комисија врши котрола над спроведувањето на одредбите на овој Статут и контрола за наменско располагање со средства и приходите на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево. Своите наоди и одлуки Надзорната комисија ги доставува до Собранието и Извршниот одбор на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево.

## СТРУЧНА СЛУЖБА НА РКЕЦ „ТЕРНИПЕ МК" ДЕЛЧЕВО

**Член 30**

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево се формира Стручна служба.

**Член 31**

Правата и обврските и одговорностите за работа на вработените во Стручната служба ги утврдува секретарот на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево во согласност со законските норми и Статутот.

**Член 32**

Срсдствата за работа на Стручната служба се определуваат со Финансиски план секоја година и тоа: средства за плати, средства за заедничка потрошувачка, средства за метеријални трошоци, средства за посебна намена за нормално извршување на функцијата.

**Член 33**

Со Стручната служба на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево раководи секретарот.
Секретарот го именува и разрешува Извршниот одбор согласно условите кои се утврдени со посебна одлука. Секретарот на стручната служба е истовремено и секретар на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево. Секретарот правото од работен однос го остварува во РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево, во стручната служба, а и за извршувањето на својата работа одговорен е пред Извршниот одбор.

**Член 34**

Права,обврски и надлежности на секретарот:

- секретарот на Стучната служба со работата на стручната служба,
- секретарот е работодавен орган и ги извршува сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи;
- секретарот е наредбодател и потписник на сметката на Здружението;
- секретарот е одговорен за извршувањето на Финансискиот плани Програмата за работа;
- се грижи за благовремено извршиување на одлуките и

заклучоците донесени од Собранието и извршниот одбор;

- во правниот промет презема мерки и дејствија во име и за сметка на РКЕЦ„Тернипе МК„Делчево.
- се грижи за правилната примена на Законските прописи од областа на дејностите што ги врши Здружението;
- склучува договори спогодби во име и за сметка на РКЕЦ„Тернипе МК„Делчево

**Член 35**

Здружението РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево ке престане со работа :

- ако одлучат членовите на Здружението;
- ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање;
- ако настапат причини утврдени во член 32 од Законот
- Одлуката за престенок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 36**

По престанокот на здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост основачите на здружението кои ке ги искористат за хуманитарни цели.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 37**

Правото на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево а помеѓу две собранија, Извршниот одбор па Здружението.

**Член 38**

РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево се правен следбеник на целокупниот имот и капиталот на досегашното РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево.

**Член 39**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**Член 40**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето, а престанува да важи Статут на РКЕЦ „Тернипе МК„ Делчево , бр._донесен на ден 09. 03. 2011 год.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**РКЕЦ „ТЕРНИПЕ МК"ДЕЛЧЕВО**
**Ермина Реџепова**